# РЕЦЕНЗИЈА ОД Д-Р ВЕРА СТОЈЧЕВСКА АНТИЌ – ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗМИТЕ ВО ДЕЛОТО НА К П. МИСИРКОВ „ЗА МАКЕДОНЦКИТЕ РАБОТИ“ ОД Д-Р ДИМКА МИТЕВА

Во последниве десетина години д-р Димка Митева студиозно се занимава со изучувањето на јазикот на Мисирков од повеќе аспекти: од аспект на лексиката, фразеологијата и сл. Таа има напишано и Толковен речник за лексичкиот фонд во делото „За македонцките работи“ (необјавен).

Во предложениов труд авторката се занимава со изучувањето на интернационалната лексика во делото „За македонцките работи“ и дошла до заклучок дека нивниот број е релативно голем.

Трудот е работен според современите принципи во лексикологијата и заслужува да биде електронски објавен. Тој изнесува над 300 страници неформатирани. Проследен е со краток Предговор.

Со оглед на фактот дека се работи за сериозно изработен труд го предлагам за електронско претставување на Веб-страницата на авторката (dimkamiteva.mk).

Скопје, октомври, 2019 Рецензент,
проф. д-р Вера Стојчевска Антиќ

З а б е л е ш к а на авторката. Интернационализмите се обработени лексикографски. Во продолжение, по Толковниот речник, се презентирани речниците: Речник-индекс на интернационализмите на Крсте Мисирков, Интернационализмите во Правиот, Обратниот и Фреквентнот речник на зборовниот фонд во делото на Крсте Мисирков „За македонцките работи“ и интегралниот текст на тоа дело („За македонцките работи“).

Авторот